www.xtrapapers.com



Diploma Programme
Programme du diplôme
Programa del Diploma

# Macedonian A: literature – Standard level – Paper 1
# Macédonien A : littérature – Niveau moyen – Épreuve 1
# Macedonio A: literatura – Nivel medio – Prueba 1

Friday 8 May 2015 (afternoon)
Vendredi 8 mai 2015 (après-midi)
Viernes 8 de mayo de 2015 (tarde)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

---

## Instructions to candidates

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a guided literary analysis on one passage only. In your answer you must address both of the guiding questions provided.
- The maximum mark for this examination paper is **[20 marks]**.

## Instructions destinées aux candidats

- N’ouvrez pas cette épreuve avant d’y être autorisé(e).
- Rédigez une analyse littéraire dirigée d’un seul des passages. Les deux questions d’orientation fournies doivent être traitées dans votre réponse.
- Le nombre maximum de points pour cette épreuve d’examen est de **[20 points]**.

## Instrucciones para los alumnos

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un análisis literario guiado sobre un solo pasaje. Debe abordar las dos preguntas de orientación en su respuesta.
- La puntuación máxima para esta prueba de examen es **[20 puntos]**.

2215 – 0131



© International Baccalaureate Organization 2015

International Baccalaureate
Baccalauréat International
Bachillerato Internacional

www.xtrapapers.com



Напишете, според упатството, литературна анализа на само **еден** од следниве извадоци. Вашиот одговор мора да се однесува на двете долунаведени прашања:

**1.**

## Солзите на вулканот

За него дознав по еден необичен настан за кој прочитав во весниците минатата година. Големиот град што се наоѓа близу местото каде живеам е сместен на вулкански падини. Вулканот со векови, ако не и со милениуми, беше мртов. Речиси сè што потсетуваше на жив вулкан беше препокриено со помлади карпи, земја, а по некаде и вегетација. Само ретки остатоци сведочеа за постоењето на вжарена лава пред повеќе стотици години, а еден од овие остатоци беше кратерот, сега на места обраснат со треви. Неколку недели пред необичниот настан, и градот на падините на вулканот и сите околни села беа загрижени оти од кратерот почна да се шири мирис на сулфур, карпите сè почесто се затресуваа, мирисот стануваше сè посилен, а последните неколку дена и црн чад се виеше кон облаците токму од центарот на кратерот. Научници од многу земји дојдоа да го видат и да го истражат чудото, оти ова веќе не се сметаше за вулкан ами за планина, и ете сега – од планината пак вулкан стана. Се планираше евакуација, но со бавно темпо зашто никој не веруваше дека лавата би можела да ги пробие камењата, земјата и карпите наталожувани толку долго време по смртта на вулканот. И одеднаш, пред дури и да отпочне евакуација, се случи она за што утредента прочитав во весниците и по што ја почнав својата истрага.

Целиот вулкан клокотеше толку силно што куќите и зградите се нишаа лево-десно секој миг подготвени да се урнат стрмоглаво удолу по падините, воздухот се вжешти, мирисот на елементите што пробиваа од земјиното јадро стана не само неподнослив, ами и отровен. Врелата лава шикна низ отворот и тргна да ги преплави шириниte околу себе од врвот на вулканот кон неговото подножје, но по пат, уште речиси на самиот почеток, кога сè уште беше близу до врвот, лавата се престори во вода и во оваа форма продолжи да тече надолу. Тоа беше неверојатна глетка – знам, оти видов снимки на телевизија. Чудо невидено во историјата на светот. Тресењето се смири, мирисите исчезнаа, водата многу бргу секна. Она што стигна од неа во градот го допираа прво најсмелите, а кога се откри дека е обична солена вода, многумина зедоа шишиња и ги полнеа со неа, со верување дека има лековити моќи. Кога пристигнатите научници прибраа примероци и ги испитаа подетално открија дека водата, всушност, нема никакви волшебни моќи, но има една друга карактеристика: сепак, не беше обична солена вода, ами имаше и елементи што укажуваа дека течноста од вулканот има ист состав како човечките солзи.

Секој од граѓаните имаше свое толкување од каде и како тоа настанало. Научниците, пак, беа целосно збунети оти, навистина, тешко можеше да се најде објаснување, но истражуваа и понудија теории што би можеле да се сметаат веродостојни. Едната од нив звучеше малку неверојатно, но некако чувствував дека е најблиску до она што се случило. Затоа, ја зедов како појдовна точка и почнав да се распрашувам за да ја задоволам својата љубопитност.

Калина Малеска, *Блесок бр.* 92 (2013)

www.xtrapapers.com



(а) Протолкувајте го значењето на солзите во извадокот и напишете детално за нивното симболично значење.

(б) Опишете како деталите во извадокот ја предизвикуваат атмосферата во градот.

www.xtrapapers.com



**2.**

**Пер Лашез**

Додека другите заминаа на веселба
ние отидовме на гробишта
беше распет петок 2002

Одевме по парцелите барајќи ги гробовите
на луѓето кои не сме ги знаеле
а сме ги познавале

Минувавме покрај коските на некогашните
париски херои, писатели, сликари,
претседатели, грешници и чесни луѓе

Минувавме крај секакви гробови
мермерни, варосани, светли, раскошни, бедни
обични гробови и гробови-скулптури

Помислив: Дали е ова некаков бизарен
да го наречам – мртовечки туризам?
Не знам, и не можам да кажам

Сепак, настрана од тоа
видовме тогаш и вистински погреб
каде не плачеше никој

За тој мртовец немаше кој гласно да жали
ни женска солза, ни куче да лае, ништо
само нема болка

Лежи тој, закопан и неоплакан

во својата дупка,

таму, на Пер Лашез

гробиштата на славните

во Париз.

Тихомир Јанчовски, *Блесок, Broj 37* (2004)

(a) Протолкувајте го значењето на фразата мртовечки туризам во песната.

(б) Анализирајте ја структурата на песната.